*Macedonian*

# Соработување со вашиот адвокат

**Пред вашиот прв состанок**

- Проверете колку ќе чини првото советување и колку долго ќе трае.
- Проверете дали адвокатот има искуство и дали специјализирал за таква правна работа
- Запишете ги поедностите за тоа што се случило, кога се случило и кој беше таму за работата за која барате адвокатот да ви помогне.
- Запишете ги прашањата што сакате да му ги поставите на адвокатот.
- Ако сметате дека ќе ви помогне, договорете се со пријател, роднина или лице што ве поддржува да појде со вас.
- Договорете се да има преведувач ако ви е потребен.

**На вашиот прв состанок**

- Прашајте колку ќе изнесуваат трошоците (или правната помош, ако ви е потребна финансиска помош).
- Водете си прибелешки за тоа што ќе ви каже адвокатот.
- Дајте му ги на адвокатот прибелешките што ги приготвивте документите што ги копиравте.
- Одговарајте јасно на прашањата што ви ги поставува вашиот адвокат.
- Поставете му прашања на адвокатот ако не разбирате нешто или ако сакате да знаете што треба да сторите.
- Прашајте го адвокатот какви можности има за да се реши вашата правна работа.
- Кажете му на адвокатот ако нешто ве загрижува во врска со вашата лична безбедност.
- Прашајте го адвокатот што ќе се случи потоа и колку долго ќе трае додека да се разреши вашата правна работа.

**Во текот на идните средби со адвокатот**

- Водете си прибелешки за тоа што ќе ви го кажува адвокатот.
- Чувајте ги во една папка или фасцикла тие прибелешки и сите писма и документи што ќе ви ги испраќа вашиот адвокат.
- Кажете му на адвокатот ако се променат некои од вашите лични податоци.
- Поставете му на адвокатот прашања ако не разбирате што се случило или што следно се очекува да се случи.
- Прашајте го адвокатот што значи да се реши за вашата правна работа (сеттле) преку договарање наместо судење, како и што значи тоа во однос на трошоците.
- Прашајте го адвокатот дали трошоците ќе се зголемат во однос на првобитната проценка.

**Ако имате проблем со адвокатот**

- Зборувајте за вашите грижи со адвокат повисок по ранг во истата адвокатска фирма.
- Променете ги адвокатите (меѓутоа, имајте во предвид дека адвокатот може да ги задржи вашите документи се додека да му се платат трошоците).
- Ако не можете да го решите спорот, контактирајте го Legal Services Commissioner, единствено тело во Викторија за праведно, независно и ефикасно решавање на жалбите против адвокатите.

**Повеќе информации?**

Legal Services Commissioner
5/555 Bourke Street
Melbourne VIC 3000

**Телефон** 1300 796 344 (локален разговор во Викторија)
**Телефон** 03 9679 8001
**Телефакс** 03 9679 8101

www.lsbc.vic.gov.au